# САД- светска економска велесила

Соединети Американски Држави или САД (англиски: United States of America, USA) е федерална држава, која се состои од педесет држави 48 на територијата на матичната држава и Аљаска и Хавајските Острови и еден федерален округ.

Главен град е Вашингтон

# САД- светска економска велесила

Државата е сместена претежно во средишниот дел од Северна Америка, а нејзините 48 континентални држави и Вашингтон, се наоѓаат помеѓу Тихиот и Атлантскиот Океан, граничејќи се со Канада на север и Мексико на југ.

# САД- светска економска велесила

Преку двата океана САД се поврзуваат со земјите од другите континенти така што имаат поволна географска положба.

# САД- светска економска велесила

Територијата на САД е поделена на четири поголеми релјефни целини.

# САД- светска економска велесила

Во западните делови се простираат Кордилјерите и Карпестите Планини, со височини над 4 000 м.
На исток се Апалачките Планини.

# САД- светска економска велесила

Помеѓу Кордилјерите и Апалачките Планини се наоѓаат Средишните Низини, кои се простираат од Големите Езера на север до Мексиканскиот Залив на југ. Тоа се плодни почви и тревни површини - прерии. Четвртиот дел е Приатланската Низина меѓу Апалачките Планини и Атланскиот Океан.

# САД- светска економска велесила



# САД- светска економска велесила

Поради големината на територијата, во САД се среќаваат повеќе климатски типови..

# САД- светска економска велесила

Поголем дел од територијата е со **умерена клима.** Преовладуваат **континентална** и **умерено континентална клима**. Во приморските делови на Мексиканскиот Залив владее **суптропска,** а на полуостровот Флорида - **тропска клима.** Во приморските делови на Тихиот и на Атланскито океан е присутна **приморска**, а на планините - **планинска клима**.

# САД- светска економска велесила

На Аљаска климата е **супполарна** и **поларна**, а на Хаваите е **тропска**

# САД- светска економска велесила

Хидрографијата на САД ја прават приморските делови на двата океана, реките и поголем број езера.
Позначајни реки се:
- **Мисисипи со Мисури, Охајо, Арканзас и други,** кои му припаѓаат на Атланскиот Океан,
Потоа:
**-Колумбија, Колорадо и Јукон** на *Аљаска*, кои му припаѓаат на Тихиот Океан.

# САД- светска економска велесила

На границата со Канада се наоѓаат **Големите Езера,** од кои само езерото **Мичиген** целосно им припаѓа на САД.
Од езерото **Ири** истекува реката Нијагара на која се наоѓаат Нијагарините Водопади, кои се високи 50м, а широки 500м.

# САД- светска економска велесила

Населението на САД главно го сочинуваат народите од Европа.
Помал дел се  население од Африка и доселеници од Азија.
Домородното население се Американските Индијанци и Ескимите.

# САД- светска економска велесила

Американските староседелци („Индијанци“) — општ назив за народите кои се домородни на просторите од арктичка Канада и Аљаска до Огнената земја во Чиле и Аргентина, кои меѓусебно се разликуваат по јазикот, културата и физичкиот изглед.
Кристофер Колумбо мислел дека стигнал во Индија и затоа луѓето со кои доаѓал во допир ги нарекувал Индијанци (шп. indios).

# САД- светска економска велесила

Историјата на САД се смета дека започнува
кога луѓето преминале преку Беринговиот
Проток во она што денес е Алјаска.
Никој не е сигурен кога почнале тие преселби

# САД- светска економска велесила

Територијално проширување на Соединетите Држави од 1776 до 1959 г.
Укажана е годината кога државата станала сојузна членка

# САД- светска економска велесила



# САД- светска економска велесила

Источната третина од она што сега се САД, во најголем дел била покриена со шуми и населена со Индијанци.
Многуте племиња од таа област се занимавале со земјоделство, лов и робилов, како и собирање на плодови. Градот Кахокија (близу денешен Сент Луис) бил голем трговски центар. На својот врв, во 1200 година, имал 40.000 жители.

# САД- светска економска велесила

Пред XV век Европејците воопшто не знаеле за постоењето на Америка. Значајниот пораст на европското население создал услови Европејците да бараат нови земји за колонизација или за трговија. Првите авантуристи започнале со ширење на егзотични приказни за чудни светови, носејќи од таму егзотични блага.

# САД- светска економска велесила

Така, во потрага по нов пат за Индија, на 3 август 1492 година италијанскиот морепловец Кристофер Колумбо, во име на шпанскиот кралски двор, со бродовите „Санта Марија“, „Ниња“ и „Пинта“ тргнал на долгоочекуваното пронаоѓање на поморскиот пат за Индија.

# САД- светска економска велесила

Колумбо сметал дека стигнал до Индија, па затоа луѓето што ги нашол таму ги нарекол Индијанци.
Тие го пречекале Колумбо со најголеми почести, а тој тоа го искористил, па на враќање во Шпанија ги наполнил бродовите со богатство.

# САД- светска економска велесила

Првите шпански колонисти, кои Колумбо ги довел со себе на своето второ патување, се населувале крај Карибите. Шпанците кои сакале да преземат експедиција во Новиот свет, морале да добијат дозвола од Круната и да му платат на монархот една петтина од секое богатство собрано во новите колонии, а притоа колонизаторите сами ги финансирале своите експедиции.

# САД- светска економска велесила

Првите шпански колонисти во Америка биле заинтересирани само за експлоатација на златото и среброто, и успевале во тоа. **Шпанската тврдина** изградена во 1565 година во **Сент Аугустин на Флорида, станала првата постојана европска населба на** територијата на денешните Соединети Држави.

# САД- светска економска велесила

Холандска колонизација
Холанѓаните во XVII век ја основале својата колонија наречена Нова Холандија, на источниот брег од Северна Америка. Опфаќала делови од денешен Њу Џерси, Њујорк, Конектикат, Делавер и Пенсилванија. Главен град бил **Нов Амстердам**, кој се наоѓал на јужниот дел од островот Менхетен, крај Њујоршкиот Залив, кој потоа <u>е прекрстен во **Њујорк.**</u>

# САД- светска економска велесила

Првата постојана англиска населба била основана во Џејмстаун, Вирџинија, во 1607 година. Претходните триесет години, Англичаните безуспешно се обидувале да основаат колонии.

# САД- светска економска велесила

Африкански дојденци

Повеќе од половината од сите доселеници во Новиот свет меѓу 1500 и 1800 година биле Африканци, испраќани во Америка против своја волја.

Повеќето од нив биле земени од големиот регион во Западна Африка под пустината Сахара, познат како Гвинеја.

Како што трговијата со робови станувала пораширена и поусовршена, така станувала и пострашна

# САД- светска економска велесила

Населението главно е разместено во Приатланската Низина во градовите Бостон, Њујорк, Балтимор, Филаделфија и Вашингтон; околу Големите Езера: Чикаго, Детроит, Милвоки, Кливленд и Индијанаполис; во Средишните Низини: Канзас Сити, Сент Луис, Далас и Хјустон; на брегот на Тихиот Океан: Лос Анџелес и Сан Франциско.

# САД- светска економска велесила

Најретко населени се планинските територии на Кордилјерите и Аљаска.

# САД- светска економска велесила

САД се составени од 50 држави.
Тие се **водечка сила во светот** со високо темпо на економски развој. Создаваат 20% од меѓународната трговија. САД го заземаат **првото место** по производство на нафта, јаглен, природен гас, злато, уран, железо, алуминиум, олово и др. **Основа на економијата е индустријата.**

# САД- светска економска велесила
# Домашна работа



# САД- светска економска велесила

**Домашна работа**

Од наставната единица-САД светска економска велесила усвојте ги знаењата и изработете кратка презентација, каде ќе дадете одговори на следниве прашања:

1.Географска положба

2.Релјеф,клима и хидрографија

3.Демографски податоци и

4. Стопански карактеристики **за една од сојузните држави во САД по ваш избор.**